РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 04-5216/10
09 APR 2025 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), Министерката за образование и наука, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на административен службеник во Министерстото за образование и наука**

1. Кандидатот **Благица Мирчевска,** по пат на интерен оглас број 02/2025 се избира за работно место УПР0101Б02000 Раководител на сектор за јавни набавки - 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2025 со архивски број 04-5216/9 од 09.04.2025 година.
3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-2317/2 од 28.03.2025 година Министерката за образование и наука упати барање со архивски број 04-5216/1 од 02.04.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерство за образование и наука. Секторот за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2025 со архивски бр. 04-5216/3 од 02.04.2025 година за унапредување на 1(еден) административен службеник во Министерството за образование и наука, на ден 03.04.2025 година на веб страницата на Министерството и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Министерката за образование и наука со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски број 04-5216/6 од 09.04.2024 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за образование и наука. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од

административната селекција за интерен оглас за број 02/2025 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-5216/7 од 09.04.2025 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратвен службеник на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-5216/8 од 09.04.2025 година и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2025 со архивски број 04-5216/9 од 09.04.2025 година. Врз основа на ранг листа министерката за образование и наука донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Проф.д-р Весна Јаневска**

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива

Изготвил: Фиген Сулејман Бислим
Одобрил: Анчева Александра
Согласен: Славица Мирчевска Атовска